# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **28.06.2017 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 7 – 2017 год.**

ЈУНИ 2017

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и чл.21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе

# РЕШЕНИЕ
## За формирање на заедничка Комисија за постапување по поднесени барања од физички лица од социјален ризик

1.Се формира заедничка комисија од членови од Советот и општинската администрација за постапување по поднесени барања од физички лица согласно Програма за социјална заштита за конкретни категории на лица во Општина Македонски Брод во следен состав:

- Југослав Волчески
- Милка Стаменкоска
- Игор Дабески
- Љупка Јаковлеска и
- Максим Грозданоски

2.Членовите на комисијата од точка 1 на ова Решение ќе направат анализа и дадат мислење за доделување на парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2017 година.

3. Мандатот на членовите на Комисијата е до завршување на работите за кои е формирана.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

5.Примерок од Решението да се достави до именуваните и архива на Општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460/3**
**23.06.2017 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Решение за формирање на заедничка Комисија за постапување по поднесени барања од физички лица од социјален ризик**

Се прогласува **Решение за формирање на заедничка Комисија за постапување по поднесени барања од физички лица од социјален ризик**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и чл.21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03), по доставено барање од Група граѓани ул.„Михајло Пупин“ бр.18-451 од 13.06.2017 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А
**за утврдување на приоритет за изградба на крак на ул.„Михајло Пупин“ во Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе одлука за утврдување на приоритет за изградба на крак на ул.„Михајло Пупин“ во Македонски Брод.

**Член 2**

Согласно чл.1 утврдениот приоритет да се усогласи со програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2017 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460/4**
**23.06.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за утврдување на приоритет за изградба на крак на ул.„Михајло Пупин“ во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за утврдување на приоритет за изградба на крак на ул.„Михајло Пупин“ во Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и чл.21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**за изработка на проектна документација за доизградба на ул.„Ѓорче Петров“ во Македонски Брод и селска улица во село Брест**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе одлука за изработка на проектна документација за доизградба на ул.„Ѓорче Петров“ во Македонски Брод и селска улица во село Брест од сред село до училиштето.

**Член 2**

Согласно чл.1 изработката на проектна документација да се вклопи во програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2017 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460/5**
**23.06.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за изработка на проектна документација за доизградба на ул.„Ѓорче Петров“ во Македонски Брод и селска улица во село Брест**

Се прогласува **Одлука за изработка на проектна документација за доизградба на ул.„Ѓорче Петров“ во Македонски Брод и селска улица во село Брест**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр. 2/03, а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.14/16), по поднесено барање од ЦО храм Св.Атанасиј село Модришта бр.18-434 од 30.05.2017 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 23.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за реконструкција на трем и трпезарија во**

**храм Св.Атанасиј село Модришта**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција на трем и трпезарија во храм Св.Атанасиј село Модришта во износ до 10.000,00 денари

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460 /6**

**23.06.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за реконструкција на трем и трпезарија во храм Св.Атанасиј село Модришта**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за реконструкција на трем и трпезарија во храм Св.Атанасиј село Модришта**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на општина Македонски Брод“ бр.14/16), по поднесено барање од Манастир Св.Георгиј победоносец од село Кнежино, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 23.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за изградба на конак во Манастир село Кнежино**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиски средства за изградба на конак во Манастир Св.Георгиј победоносец село Кнежино во износ до 10.000,00 денари

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460 /7**

**23.06.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за изградба на конак во Манастир село Кнежино**

Се прогласува **одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за изградба на конак во Манастир село Кнежино**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на општина Македонски Брод“ бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23 јуни 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на одлука бр.02-192/4 од 22.06.2017 г. на УО на ЈП Водовод и канализација за утврдување на висина на цена на**

**комунална услуга –вода за с.Крапа**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката бр.02-192/4 од 22.06.2017 година на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за висина на цена за комунална услуга за вода за село Крапа, со тоа што во чл.1 се дава согласност само на т2 услуга за правни лица цена 58,00 ден/$м^3$ со можност за измена и дополна на ценовникот.

**Член 2**

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод да ја применува одлуката за согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за висина на цена на комунална услуга-вода за село Крапа чл.1 Т2.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 460 /8**
**23.06. 2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на одлука за давање на согласност на одлука бр.02-192/4 од 22.06.2017 г. на УО на ЈП Водовод и канализација за утврдување на висина на цена на комунална услуга –вода за с.Крапа**

Се прогласува **одлуката за давање на согласност на одлука бр.02-192/4 од 22.06.2017 г. на УО на ЈП Водовод и канализација за утврдување на висина на цена на комунална услуга – вода за с.Крапа**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на општина Македонски Брод бр.14/16), по доставено барање 18-480/1 од 23.06.2017 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 23.06.2017 година донесе

# О Д Л У К А

## За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за учество на меѓународен турнир во градот Лесковац –Р .Србија

1.На ЖФК Порече 2015- Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 6.000,00 денари како финансиска подршка за учество на меѓународен турнир во женски фудбал во градот Лесковац во Р.Србија.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка трансфери до спортски клубови.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460/9**

**23.06.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за учество на меѓународен турнир во градот Лесковац –Р.Србија**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за учество на меѓународен турнир во градот Лесковац –Р.Србија**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 т.44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод бр.2/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## За формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар

1.Се формира заедничка комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар во следен состав:

- Милосим Војнески
- Зоре Трпески
- Дарко Трајкоски

2.Членовите на комисијата од точка 1 на ова Решение, заеднички со членовите на Комисијата формирана од Советот на општина Демир Хисар ќе го подготват предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар врз основа на предходно направена анализа.

3. Мандатот на членовите на Комисијата е до завршување на работите за кои е формирана.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

5.Примерок од Решението да се достави до именуваните, Советот на Општина Демир Хисар и архива на Општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460/10**
**23.06.2017 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Решение за формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар**

Се прогласува **Решение за формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година.

**Бр.08- 460 /12**
**28.06.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на општина Македонски Брод бр.02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**за замена на ниско напонска мрежа - ТС во населба Горкачка во Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.06.2017 година донесе заклучок односно барање до ЕВН КЕЦ Кичево за замена на ниско напонска мрежа во населба Горкачка во Македонски Брод.

**Член 2**

Со заклучокот да се запознае ЕВН КЕЦ Кичево заради понатамошно постапување со преместување на мрежата од постоечките стари дрвени столбови и преместувањец на нисконапонската мрежа на новопоставени бетонските столбови.

**Член 3**

Овој Заклчуок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 460/11**
**23.06.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 7 од 28.06.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Решение за формирање на заедничка Комисија за постапување по поднесени барања од физички лица од социјален ризик ........................................................................................ стр. 2

Заклучок за прогласување на Решение за формирање на заедничка Комисија за постапување по поднесени барања од физички лица од социјален ризик ........................................................ стр. 3

Одлука за утврдување на приоритет за изградба на крак на ул.„Михајло Пупин“ во Македонски Брод .................................................................................................................. стр. 4

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на приоритет за изградба на крак на ул.„Михајло Пупин“ во Македонски Брод .................................................................................... стр. 5

Одлука за изработка на проектна документација за доизградба на ул.„Ѓорче Петров“ во Македонски Брод и селска улица во село Брест ......................................................................... стр. 6

Заклучок за прогласување на Одлука за изработка на проектна документација за доизградба на ул.„Ѓорче Петров“ во Македонски Брод и селска улица во село Брест ........................................... стр. 7

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за реконструкција на трем и трпезарија во храм Св.Атанасиј село Модришта .................. стр. 8

Заклучок за прогласување на Олдука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за реконструкција на трем и трпезарија во храм Св.Атанасиј село Модришта ........................................................................................................ стр. 9

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за изградба на конак во Манастир село Кнежино ............................................................ стр. 10

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за изградба на конак во Манастир село Кнежино . стр. 11

Одлука за давање на согласност на одлука бр.02-192/4 од 22.06.2017г. на УО на ЈП „Водовод и канализација“ за утврдување на висина на цена на комунална услуга–вода за с.Крапа ............... стр. 12

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на одлука бр.02-192/4 од 22.06.2017г. на УО на ЈП „Водовод и канализација“ за утврдување на висина на цена на комунална услуга–вода за с.Крапа ............................................................................................................. стр. 13

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за учество на меѓународен турнир во градот Лесковац – Р.Србија ............................................................... стр. 14

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за учество на меѓународен турнир во градот Лесковац – Р.Србија ................. стр. 15

Решение за формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар .......... стр. 16

Заклучок за прогласување на Решение за формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Демир Хисар ........................................................................................................................ стр. 17

Заклучок за замена на ниско напонска мрежа - ТС во населба Горкачка во Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 18